*Доц. Славка ФИДАНОВА*

# АЛБАНСКАТА НАРОДНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И НАРОДНАТА РЕВОЛУЦИЈА

Албанското население во Македонија имаше иста судбина како и македонскиот народ за сето време на стара Југославија. Национално угнетувано, како и македонскиот народ, тоа се наоѓаше во потешка положба и поради постојаниот притисок од големосрпскиот режим, кој имаше за цел да го исели и да му ја одземе земјата. Покрај постојните мерки што се спроведуваа врз основа на Законот за аграрните односи и врз основа на Законот за населување, постоеја и други дискриминаторски методи, во кои националистите од четничкото здружение имаа главен збор.[1]) Во последните години пред војната проблемот на иселувањето стана акутен затоа што југословенската влада потпиша со турската влада Конвенција за иселување.[2])

Албанското население, незадоволно со својата положба, потпадна под влијание на сепаратистичките струења, чии носители беа албанските националистички сили — аги и бегови и дел од албанската интелигенција, на кои притоа не им пречеше истовремено да бидат и народни пратеници и сенатори на листата на владеачките партии во старата југословенска држава.[3]) Последните години пред априлската војна сепара-

---

[1]) Архив на Југославија (АЈ), Фонд Милан Стојадиновиќ (МС), к. 35, Претставка на Димитрија Анастасијевиќ—Ташула, од 21. август 1936, тогашен адвокат во Скопје, во која е изнесен план за иселување на Арнаутите од некои околии.

[2]) Види во статијата: Sl. Fidanova, KPJ u Makedoniji u borbi za mase 1941—1942, JIČ, 1968, 1—2, стр. 78.

[3]) Во еден извештај на Кралската банска управа во Скопје, како носител на овие струења меѓу албанските маси на југословенската територија се споменуваат албанските политички личности: Ферат-бег Драга, бивш народен пратеник за Скопје, бивш претседател на политичката странка за Јужна Србија—Џемијет, претседател на Улема меџлис; Асим Љуш, бивш народен пратеник од Ѓаковица за Метохија; Кадри Сали, бивш народен пратеник од Гостивар за Полог и Кичевскиот крај; Илјаз Агушевиќ, бивш народен пратеник од Приштина за Косово и др. Понатаму во извештајот се вели дека оваа акција ја помагале и албанскиот католички клер, како и еден поголем дел од државните имами. ( А VII, п. 17, к. 61, ф. II/1, микрофилм во АМ). Во еден друг документ во врска со активноста на наведените албански првенци се вели: „Сите напред наведени се познати како големи приврза-

тистичкото движење кај Албанците беше сè позабележително, под влијание на италијанската пропаганда и италијанската известителна служба, која својата активност ја подзасили особено по окупацијата на Албанија во пролетта 1939 година.

Фашистичка Италија, заинтересирана да ги прошири своите интересни сфери на Балканот, откако ги освои мошне рано позициите во Албанија, го искористи незадоволството на Албанците на Косово и во Македонија поради одземањето на земјата и нивното иселување, ги подгрејуваше сепаратистичките стремежи кај нив и работеше врз разбивањето на Југославија. Тоа таа успешно го спроведуваше преку албанските и италијанските дипломатски претставништва, односно италијанските,[4]) преку воено-известителната служба — СИМ офи-

---

ници на Албанија без оглед на тоа што е Албанија заземена од страна на Италијанците и тие се духовни водачи на сите акции кај арнаутското население". (А VII, п. 17, к. 61, ф. 14/1. За албанските првенци види и во документите во А VII, к. 61, ф. 2/1; к. 26, ф. 53/2 и ф. 51/7.).

[4]) Непобитен е фактот дека италијанските и албанските дипломатски претставништва во Белград, Скопје и Битола со помош на албанските првенци имале голема улога во водењето на акцијата меѓу албанското население за разбивање на Југославија, односно за присоединување на деловите населени со Албанци кон Албанија. Дописникот на Централниот пресбиро од Тирана во еден свој извештај од 1936 година соопштува: „Во последно време во Албанија интензивно се работи за формирање на Косовскиот комитет и се подготвува позасилена пропаганда во Јужна Србија преку Албанскиот и Италијанскиот конзулат во Битола и Скопје". (А VII, п. 17, к. 27, ф. 41/3). По италијанската окупација на Албанија дојде до фузионирање на италијанските и албанските претставништва, така што извесен број службеници од албанските претставништва преминаа на работа во италијанските дипломатски претставништва, каде што продолжија со својата дотогашна работа во корист на Италија. (А VII, фонд бугарска непријателска архива, к. 1, ф. 4/2). Таков бил случајот со албанскиот пратеник во Белград д-р Тахир Штила, кој и пред окупацијата на Албанија одржувал тесни врски со албанските првенци, а по окупацијата вршел курирска должност, пренесувајќи пари за изведување на споменатата акција. (AVII, п. 17, к. 61, ф. 2/1). Продолжувањето на дотогашната италијанско-албанска пропаганда и нивното дејствување во Македонија се потврдува и во еден друг документ од 1939 година, во кој се вели: „Според извесни сигурни сознавања фузионираните италијанско-албански претставништва во нашата земја (посланството во Белград и конзулатите во Скопје и Битола) ќе продолжат по насоките на бившите албански претставништва во нашата земја" (AVII, п. 17, к. 26, ф. 35/2). Инаку италијанската пропаганда преку италијанските дипломатски претставништва непосредно пред априлската војна земаше сè поголем замав, што се потврдува и со следниов извештај на Кралската банска управа во Скопје од 10 мај 1940 година, во кој се вели дека италијанскиот пратеник во Белград, Мамели, со писмо го известил италијанскиот конзул во Скопје: „Готов сум од своја страна со сите сили да ја потпомогнам секоја акција на албанското малцинство во југословенска Македонија којашто би им користела на италијанските воени, политички и економски интереси на Балканот, специјално во Југославија . . . . .". За финансирање на оваа акција тој изразува готовност „на Кралскиот конзулат секој месец да му испраќа по 120.000 динари, со тоа парите да бидат употребени само за таа акција". Притоа тој сметал и на извесен број од албанските првенци кои би се прифатиле за таа работа, па затоа во писмото понатаму се вели: „Се надевам дека во југословенска Македонија сепак ќе се најдат чесни и свесни албански првенци кои ќе можат со извесна постојана парична награда да ги пропагираат меѓу своите истомисленици италијанските интереси . . . .". (AVII, п. 17, к. 61, ф. 13/1).

церите, кои беа поврзани со албанските националистички сили,[5]) како и преку илегалното Студентско друштво БЕСА.[6]) Друштвото БЕСА формирано е 1935 година во Белград на иницијатива на некои личности од италијанското, односно албанското дипломатско претставништво. Организатори и членови на Друштвото беа неколку студенти — Албанци од Косово и Македонија, кои беа приврзаници на фашистичката идеологија и работеа во корист на фашистичка Италија. Својата активност тие ја пренесуваа во внатрешноста, каде што се поврзуваа со реакционерните албански националистички сили. Под форма на културно-просветна работа, тие ја ширеа фашистичката идеологија, ја проповедаа големоалбанската идеја меѓу албанските широки народни маси, сеејќи истовремено верска омраза меѓу Албанците и Македонците.[7])

Многубројните извештаи на југословенските воени власти од тој период со загриженост соопштуваа за засилената италијанска пропаганда во краиштата населени со Албанци, за дејствувањето на италијанската известителна служба, за движењето на албанските политички прворенци, истовремено изнесувајќи ги причините што довеле албанското население да бара излез во италијанската окупација, макар што мнозинството на албанското население во Албанија не ја прифатило италијанската окупација.[8]) Но, и покрај тоа, владеачкиот режим на стара Југославија не презеде никакви мерки за да ја подобри нивната положба.

---

[5]) Според искажувањата на еден од агентите на германската известителна служба (АБВЕР), италијанската известителна служба (СИМ), чиј центар се наоѓал во Тирана, на чело со генералот Паријани, во Македонија дејствувала од три правци: од Елбасан и делумно од Кукс и Корча. Главен пункт за Македонија бил Елбасан од каде што службата дејствувала во правецот Дебар—Скопје—Куманово—Кр. Паланка, со горниот дел на Повардарието и во правецот Струга—Охрид—Битола—Прилеп—Штип, со средниот дел на Повардарието. СИМ службата за спроведување на својата пропаганда предвид ги имала пределите населени со Албанци, но притоа како главна цел ѝ бил градот Скопје „каде што се наоѓал Италијанскиот конзулат, исто така камуфлиран орган на СИМ". (Елаборат за италијанската известителна служба). За сега не располагаме со документи што би се однесувале за конкретната акција на овој пункт во Елбасан, освен за дејствувањето на СИМ-офицерот во Кукс, Анѓело Антика, кој имал создадено широка мрежа на повереници на територијата Косово и неговата работа во таа смисла била прилично обемна. (За ова види во наведениот елаборат; AVII, п. 17, к. 26, ф. 42/2 и к. 26, ф. 52/2). Работата на Анѓело Антика се проширила и на територијата на Македонија, посебно во Скопје, бидејќи луѓето во италијанската известителна служба, како Ферат-бег Драга и Мухамед Шабан Емин Паша, живееле и работеле во Скопје. Според некои податоци улогата на Мухамед Шабан Емин Паша во служба на италијанската известителна служба во правецот на Скопје особено била запазена во времено на окупацијата на Македонија. — Види во наведениот елаборат во АМ; AVII, п. 17, к. 61, ф. 1/4 и 1/7; Ali Kadri, Okupacioni sistem na Kosovu i Metohiji 1941—1944, JIČ, 1965, бр. 2, стр. 51.

[6]) Елаборат за организацијата „Беса".

[7]) Елаборат за организацијата „Беса" во Тетово.

[8]) AVII, п. 17, к. 26, ф. 37/2 и 56/2.

КПЈ, уочувајќи ги навреме сите последици од ваквата политика на империјалистичките земји, посебно на фашистичка Германија и Италија и на нивните агенти во земјата, редовно во своите документи укажуваше на опасноста што доаѓа од нив за независноста на народите и народностите во Југославија. Поради акутноста на тоа прашање, со оглед на започнатата империјалистичка војна и зајакнатата активност на империјалистичките држави, национално угнетените народи да ги искористат за своите освојувачки цели, КПЈ на тој проблем му даде посебно место на V-та земска конференција. Затоа во Резолуцијата, донесена на оваа Конференција, напоредно со задачата партиските организации да се борат за национална рамноправност и слобода на албанските маси, беше речено дека ќе треба да се борат и „против италијанските агенти, кои во тие краишта настојуваат со разни ветувања да ги измамат угнетените Арнаути и да предизвикаат воен судир во тој дел од Југославија".[9])

По окупацијата на Македонија и нејзината поделба, албанското население, како и македонскиот народ, потпадна под двата окупатори: италијанскиот и бугарскиот. Најголем дел од албанското население се најде во окупираниот дел на Македонија под Италијанците, што тие го приклучија кон Албанија, создавајќи „голема Албанија", воспоставувајќи квислиншка цивилна албанска власт на чело со реакционерни националистички сили. Воспоставувањето на албанската квислиншка власт во служба на италијанскиот окупатор, особено со отворањето школи на албански јазик, како и поради нивното огорчување со хегемонистичката политика на големосрпската буржоазија, придонесоа кај добар дел од Албанците да се јави илузија за ослободителната улога на италијанскиот окупатор.[10])

За разлика од положбата на Албанците во окупираниот дел на Македонија од Италија, во кој беа фаворизирани и поттикнувани против Македонците, Албанците во окупираниот дел на Македонија од Бугарите не само што се третирани како граѓани од втор ред, бидејќи не беа од „бугарско потекло", туку дури беа изложени и на полициска тортура. Изложени на полициски притисок од бугарскиот окупатор, Албанците од селата покрај демаркационата линија емигрираа на територијата под италијанска окупација, каде што, наоѓајќи се без земја и без занает, се оддаваа на разбојништво и на ограбување, а од 1943 година ја претставуваа основната сила на платените балистички единици за борба против НОД и НОВ на Македонија.[11])

Италијанскиот окупатор вешто ги користеше илузиите на едните и незадоволството на другите, за да ја зацврсти власта во веќе оку-

---

[9]) Proleter 1929—1942, Beograd, 1968, стр. 770—771.

[10]) Исто така во точ. 2., стр. 77, 78; Сл. Фиданова, Некои особености во развојот на народната власт во Западна Македонија, Зборник „Развитокот на државноста на македонскиот народ", Скопје, 1968, стр. 299, 300, 301, 302; АИНИ, Скопје, Изјава на Џафер Кодра.

[11]) Славка Фиданова, Подготовките за формирање на Тетовскиот партизански одред, Историја, 1966, год. II, бр. 1—2, стр. 6 и 7.

пираните краишта, но и за да ги прошири претензиите на териториите што му припаднаа на бугарскиот окупатор, особено на градовите Скопје, Куманово и др. Во таа смисла окупаторот разви пропагандна активност во корист на „голема Албанија", особено на територијата што ја окупираа Бугарите, работејќи на тоа за да ја придобие и турската народност за проалбанска акција.[12]) Како последица на тоа во текот на мај 1941 година, на иницијатива на некои личности од организацијата БЕСА, во Скопје беа приредени манифестации под парола градовите — Скопје и Куманово — да се присоединат кон Албанија, а потоа групата со исти барања приреди манифестации и во Тетово.[13]) Така еден дел од албанската народност, поради разните околности, во прв ред поради културната и верската заостанатост, под влијание на италијанската пропаганда и разните албански реакционерни сили, го прифати италијанскиот окупатор, а подоцна и германскиот, наспроти општите интереси на албанскиот народ.

Платформата на Комунистичката партија на Југославија која, повикувајќи ги народите на Југославија во борба против окупаторот, ја поврзуваше борбата со националното ослободување на сите народи и народности во Југославија, отвораше перспектива и пред албанските народни маси за остварување на нивните национални права. Сета смисла на националната политика на Комунистичката партија во текот на Народноослободителната борба најјасно беше изразена во зборовите на водачот на востанието во Југославија Јосип Броз-Тито: „Зборот народноослободителна борба би бил само една фраза, па дури и измама, кога освен општојугословенска смисла не би имал и национална смисла за секој народ посебно, т.е. значи, кога освен ослободувањето на Југославија во исто време тоа не би значело и ослободување на Хрватите, Словенците, Србите, Македонците, Албанците, Муслиманите итн., кога народноослободителната борба би ја немала таа содржина навистина да им носи слобода, рамноправност и братство на сите народи на Југославија . . . ."[14]) Сите подоцнежни акти на раководството на КПЈ по националното прашање на народите и народностите на Југославија беа потврда на доследноста на нејзината политика по тоа прашање, борејќи се непрекинато и денес за нивното остварување. КПЈ за Македонија исто така во сите свои прогласи, обрнувајќи се до македонскиот народ со повик за борба против окупаторот за остварување на својата национална слобода, истовремено се обрнуваше и до другите народности во Македонија, вклучувајќи ја и албанската народност, во заедничка борба со македонскиот народ и тие да ги извојуваат своите национални права.

Меѓутоа, при практичната реализација на партиската политика за нивното вклучување во народноослободителните партизански

[12]) AVII, фонд бугарска непријателска окупација (БО), к. 1, ф. 4/2, микрофилм во АМ; АИНИ, Скопје, Исказ на еден бугарски окупаторски воен злосторник, нерегистриран материјал.

[13]) Исто; Види во споменатата статија на Сл. Фиданова во точ. 2, стр. 5.

[14]) Josip Broz — Tito, Govori i članci, knj. I, Zagreb, 1959, стр. 119.

одреди и НОВ на Македонија, пристапот кон албанските маси беше различен со оглед на нивниот став и расположението во однос на окупаторот. Во окупираниот дел на Македонија од бугарскиот окупатор, каде што огорчувањето на албанското население спрема окупаторот беше големо, требаше само да се канализира незадоволството, запознавајќи ги Албанците со целите и карактерот на НОБ. Поради тоа албанското население во овој дел на Македонија многу порано се определи за НОБ. Има многу примери на поединци, групи, па и на цели села што се вклучија во НОБ и зедоа активно учество во неа. Во тој однос посебно внимание заслужуваат првите народноослободителни партизански одреди од 1941 година — Скопскиот, Кумановскиот, во чии редови, покрај Македонци, имаше и други народности, па и борци од албанската народност, што во однос на вкупниот број на партизаните во тие одреди, нивното учество, иако малубројно, претставуваше големо постигнување.[15]) Познат е случајот на селото Никуштане во Скопска околија од 1941 година, кое при повлекувањето на Скопскиот партизански одред пред потерата на бугарската полиција го поддржуваше одредот, собирајќи поголемо количество храна за одредот.[16]) Голема улога во Скопска околија во текот на 1942 година при формирањето на Вториот скопски партизански одред и неговото дејствување на тој терен, исто така, одигра албанското село Танушевци, кое за ова време претставуваше едно од упориштата на народноослободителното движење во овој крај на Македонија и на еден дел од Косово.[17]) Со своето учество во народноослободителното движење и приврзаноста кон движењето многу беше карактеристичен случајот на албанските села во Велешка околија: Горно и Долно Јаболчиште, Согле и др., кои во 1942 година претставуваа база за исфрлање на првите партизански чети на планината Лисец.[18]) За целото време на 1942 година и во почетокот на 1943 година, додека на тој терен дејствуваше партизанскиот одред „Пере Тошев", подоцна партизанскиот одред „Димитар Влахов", овие села, како и областа околу нив, претставува речиси полуслободна територија. Одредот „Димитар Влахов" наиде на добар прием и во албанските села во Скопска околија: Горно Количани, Алдинци и др. Акцијата што ја изведе одредот во Горно Количани есента 1942 година предизвика големо одушевување меѓу албанското население, така што за време

---

[15]) АИНИ, Скопје, Стенографски белешки за Скопскиот и Кумановскиот партизански одред; Методи Петровски и Петар Трајковски, Куманово, 1969, стр. 66; Кемал Мусли, Првата ноќ со партизаните, Јубиларен весник „13. ноември", Скопје, 1970, бр. 9; Кемал Сејфула, Во Првиот скопски партизански одред, Јуб. вес. „13. ноември", Скопје, 1964, бр. 3.

[16]) АИНИ, Скопје, Стенографски белешки за Скопската партиска организација и Скопскиот партизански одред; Кемал Сејфула, споменатата статија.

[17]) Кемал Сејфула, Дваесет и пет години од формирањето на Вториот скопски партизански одред, јуб. вес. „13 ноември", Скопје, 1967, бр. 6; Изјава на Лазо Стефановски, АИНИ, Скопје, Стенографски белешки за Скопскиот партизански одред, стр. 49, 50.

[18]) Јордан Леов, Велешката партиска организација во 1942 година, Зборник, Велес и Велешко во НОБ 1942, Т. Велес, 1969, стр. 57, 63; Сл. Фиданова, споменатата статија во точ. 2, стр. 245.

на одржувањето на митингот беше приредена вистинска веселба.[19]) Многу документи, како и сеќавањата на учесниците во тие одреди, ги забележаа примерите на поединци што беа готови да им помогнат на партизанските борци како нивни курири, како доставувачи на храна и сл.[20]) Применетите репресалии од страна на бугарскиот окупатор по разбивањето на одредот „Димитар Влахов", особено врз албанското население во споменатите села од Велешка околија, направените ѕверства врз припадниците на НОД на очиглед на сите присутни селани, не го поколебаа албанското население. Тие, заедно со македонскиот народ, стоички ги поднесоа сите маки и неволји.[21])

Со создавањето на нова плима во почетокот на 1944 година, албанските села од овој крај многу активно го помагаат партизанското движење, одигрувајки значајна улога во познатиот Богумилски поход на Првата македонско-косовска бригада, како и при конечното ослободување на земјата.[22])

Меѓутоа, и на територијата под бугарска окупација, меѓу албанското население се најдоа луѓе, разни декласирани елементи, од чии редови окупаторот формира контрачети за борба против партизанските одреди и НОВ на Македонија, особено по капитулацијата на Бугарија.[23])

---

[19]) Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941—1945 (Извори), Том I, кн. I, 1968, стр. 360; Зборник докумената и података о народноослободилачком рату југословенских народа (Зборник), том VII, књ. I, стр. 138, Саопштење Главног штаба народноослободилачких партизанских одреда Македоније о борбама од 2 августа до 7 актомбра 1942 год., во кое во врска со споменатиот настан се вели: „Во почетокот на октомври четата број еден од одредот Димитар Влахов изврши успешен напад на општината во селото Количани, во Скопска околија, ја запали архивата и заплени: 20 пушки, 2.000 фишеци, 2 машини за пишување, преса и др.".

[20]) Како пример наведуваме една изјава на еден од учесниците во партизанскиот одред Димитар Влахов: „Тоа беше пред крајот од месецот октомври 1942 год. Стигнавме пред селото Еловец и тука се засолнивме во една плевна каде што помина еден Арнаутин. Нему му објаснивме дека сме партизани и му побаравме да ни донесе леб. Тој ни донесе 4 погачи, 20 кгр. компири и јаболка. Како надоместок, во вид на бакшиш, ние му дадовме една пита кашкавал и 200 лева. Тој нас нè допрати до патот за селото Држилово, од каде продолживме и стигнавме до селото Горно Нерезе". — АИНИ, Скопје, Воен полев суд, 1943 година.

[21]) Сл. Фиданова, споменатата статија во точ. 2, стр. 247; Никола Кирков, И мртва, Битула не го испушти детето . . . ., Запис од едно крваво октомвриско утро во 1942 год. во селото Д. Јаболчиште, види Народен билтен, Т. Велес, 9 ноември 1961, бр. 10; Никола Кирков и Јордан Леов, Велес во НОБ, стр. 130—132.

[22]) Бранислав Шикиќ, Поречкиот партизански одред и Скопската дополнителна бригада, Јуб. вес. 13 ноември, Скопје, 1967, бр. 6; Илија Нешовски, Бригадата меѓу народот, Јуб. вес. 13 ноември, Скопје, 1964, бр. 3; Ристо Чубриловски, Борбениот животопис на XII скопска ударна бригада, Јуб- вес. 13 ноември, Скопје, 1963, бр. 2; Киро Цветковски, За борбениот пат на Скопскиот одред . . . . Извадоци од партизански дневник, Исто.

[23]) АИНИ, Скопје, фонд БО, к. 3, нерегистриран материјал; Исто, Според еден документ, Скопската обласна полициска управа со наредба бр. 33 за контрачетници назначила една група Албанци на чело со Фета Османов за борба против „противдржавните елементи" кои се појавиле во Скопска околија; Исто, Изјава на бугарски окупаторски воен злосторник, нерегистриран материјал.

За разлика од територијата под бугарска окупација, каде што мнозинството од албанското население пристапуваше кон НОБ, процесот на опфаќањето на албанското население во редовите на НОД во Македонија под италијанска окупација беше многу побавен и потежок, и тоа како поради наведените илузии, така и поради политиката на окупаторот и неговите слуги што сееја верска и национална омраза меѓу Албанците и Македонците. Поради овие објективни околности бројот на опфатените Албанци во редовите на НОД во 1941 година беше речиси незнатен. Нешто поголем пробив меѓу албанските маси беше направен во текот на 1942 година, за што многу придонесоа и службениците од Албанија, главно просветните работници, што беа антифашистички расположени. Во текот на 1942 се формираа и посебни партиски ќелии и скоевски групи од редовите на Албанци, најчесто заедно со Македонците.[24]) Посебни албански партиски ќелии и скоевски групи имаше во Тетово, Гостивар и Дебар. Во овие градови имаше Албанци-комунисти и во месното партиско раководство.[25]) Благодарејќи на нивната политичка активност беа постигнати и првите резултати во опфаќањето на албанските маси во редовите на НОД, така што се забележани и првите заеднички акции насочени против окупаторите и нивните слуги.[26])

Сепак, албанските маси помасовно му пристапуваат на НОД во текот на 1943 година, со исключок на Дебар, каде што од 1942 год. беше опфатен поголем дел од младината.[27]) За овој пресврт кај албанските маси беа значајни преземените мерки од воениото и политичкото раководство на Македонија, кое во врска со натамошниот развој на востанието во Западна Македонија, како најважна политичка задача пред партиските организации ја постави политичката работа меѓу албанските маси, за нивното вклучување во редовите на НОД и НОВ на Македонија и за создавање на братство и единство меѓу македонскиот и албанскиот народ. Имено, партиските организации, според заклучоците на седницата на ЦК КПМ од 4 и 5 мај 1943 година, со својата засилена политичка работа меѓу албанските маси, требаше да го разобличат окупаторот и неговите слуги, да им објаснат на албанските маси дека своите национални права можат да ги остварат само во заедничка борба со македонскиот народ против окупаторот и дека во нивни интерес е да се вклучат во редовите на НОВ на Македонија, под команда на Главниот штаб на Македонија, кој еднакво се бори како против бугарскиот окупатор во Македонија, така и против сите окупатори, а за ослободување на македонскиот народ и албанската народност, за да можат слободно да решаваат за својата судбина.[28]) Со оглед на специфичните услови, раководството на НОД на Маке-

---

[24]) Сл. Фиданова, споменатата статија во точ. 10, стр. 308.

[25]) Исто.

[26]) Исто.

[27]) АИНИ, Скопје, Стенографски белешки за Дебарската партиска организација; Исто, Изјава на Џафер Кодра.

[28]) ИА КПЈ, том. VII, стр. 220.

донија го застапуваше гледиштето да се формираат посебни албански партизански одреди под команда на Главниот штаб на Македонија и на него потчинетите воени раководства, кои низ заедничките акции би се братимиле со македонските партизански единици, а потоа би дошло и до создавање на заеднички македонско-албански народноослободителни единици.[29]) Поради оваа специфичност се застапуваше гледиштето во градовите и селата каде што заеднички живеат Македонци и Албанци, да се формираат и посебни народноослободителни комитети до созревањето на условите за создавање на заеднички народноослободителни комитети во кои би биле застапени и едните и другите.[30]) За успехот на оваа политичка акција требаше да придонесе и договорот постигнат во јуни 1943 година помеѓу Главниот штаб на Македонија и Главниот штаб на Албанија за заедничка политичка и воена соработка, според кој Главниот штаб на Албанија требаше што поскоро да испрати една чета на територијата на I-та оперативна зона, односно во Западна Македонија под италијанска окупација, која под воено и политичко раководство на Македонија требаше политички да дејствува во духот на веќе прокламираната линија[31]). Меѓутоа, и покрај тоа што воено и политичко раководство во Западна Македонија воспостави врска со албанскиот партизански одред на Хаџи Леш, со албанскиот баталјон „Мокра", сè до капитулацијата на Италија, не беше остварена поголема соработка со нив затоа што тие дотогаш не преминаа на југословенска територија.[32]) Исклучок во тоа претставуваше присуството на четворица испратени албански борци, кои беа растурени по единиците на НОВ на Македонија и како такви многу придонесоа за политичката работа меѓу албанските маси.[33])

Военото и политичко раководство на НОД во Македонија, меѓу другото, го имаше предвид и влијанието што го имаа врз албанските маси албанските националистички сили, разни бајрактари и на нив слични, кои во тој момент беа непријателски расположени спрема Италијанците, па поради тоа со цел да ги обединат сите родољубиви и патриотски сили за борба против окупаторот, работеа да постигнат договор за заедничка акција против окупаторот и со овие националистички сили. Еден таков договор за формирање заеднички воен штаб за водење заедничка акција против окупаторот со националистичките сили, кои имаа свои вооружени единици, секако ќе имаше воjнички и политички ефект кај албанските маси. Летото 1943 година еден таков договор постигнат е помеѓу II-та оперативна зона и националистичките сили од територијата на Струшка околија[34]), додека на 6 септември 1943

[29]) Исто.
[30]) АИНИ, Скопје, арх. 436, 656, 462, 387; Сл. Фиданова, споменатата статија во точ. 10, стр. 316.
[31]) ИА КПЈ, том VII, стр. 228—229, 240.
[32]) Зборник, том VII, књ. I, стр. 244, 263, 331, 354—355.
[33]) Исто, стр. 355.
[34]) Исто, стр. 317, 319, 355; Исто, књ. II, стр. 76; Струга и Струшко, Струга, 1970, стр. 99; Велимир Брезовски, Ослободителната војна во Македонија 1943 на територијата на СРМ, 1971, стр. 188 и 189.

година ист таков договор беше постигнат помеѓу Главниот штаб на Македонија и I-та оперативна зона, од една страна, и Главниот штаб на Албанија и националистичките албански сили, од друга страна.[35]) Договорот предвидуваше создавање на заеднички воен штаб и водење заеднички акции на територијата на Западна Македонија. Меѓутоа, овој договор никогаш не влезе во сила, поради настаните од 8 септември, кои наполно ја изменија ситуацијата во однос на политичките сили во Албанија, па според тоа и на територијата на Западна Македонија.

Напорите на партиското и воено раководство, вложени за успешно извршување на таа најважна политичка задача, за политизација на албанските маси на платформата за борба против окупаторот, наскоро беа крунисани со успех. Албанските маси, сфаќајќи ја политиката на окупаторите и на нивните слуги, сè повеќе се определуваа за народноослободителното движење. Значајни резултати во тој однос беа постигнати во Дебар и во Гостиварска околија, каде што идејата на братството и единството особено доаѓаше до израз. Покрај широкото опфаќање на албанските маси во НОД, родољубите—Албанци од Дебар во јули 1943 година изведоа и акција на телефонските врски на патот Дебар—Гостивар и Дебар—Кичево.[36]) Во почетокот на јули 1943 година, на територијата на Гостиварска околија е формирана и посебна албанска чета, во која имаше 9 борци.[37]) За неполни 10 дена, изведувајќи акции по селата во Гостиварска околија и дејствувајќи политички преку одржување митинзи, бројот на борците-Албанци брзо се зголеми во четата. Четата наскоро прерасна во народноослободителен партизански одред, а подоцна, како израз на создаденото единство и братство меѓу Македонците и Албанците во вооружената борба против окупаторот и неговите слуги, се формира заеднички Македонско-албански народноослободителен партизански одред.[38]) Братството и единството меѓу Македонците и Албанците особено се манифестираше во гостиварското село Равен, каде што Албанците, носејќи ги на раце партизаните-Албанци и Македонци, ги извикуваа паролите: ,,Да живее братството на Албанците и Македонците".[39]) Според некои податоци, во формирање бил и албански одред во Струга.[40]) Покрај тоа што во ова време се формира посебен албански одред, кој подоцна се помеша со македонскиот, односно со Мавровскиот и Кичевскиот партизански одред, Албанци-борци имаше и во партизанските одреди ,,Славеј" и ,,Дримкол".[41]) Извесен број Албанци од Дебар и Струга се најдоа и во албанските одреди — на Хаџи Леш и во ,,Мокра" — на територијата на Албанија.[42])

[35]) АИНИ, Скопје, арх. бр. 275.

[36]) Исто, арх. бр. 717.

[37]) Зборник, том VII, књ. I, стр. 313.

[38]) АИНИ, Скопје, арх. бр. 717; ИА КПЈ, том VII, стр. 255; Зборник, том. VII, књ. I, стр. 371, 389.

[39]) Исто, стр. 389.

[40]) Струга и Струшко, Струга, 1970, стр. 99; Велимир Брезовски, споменатото дело, стр. 188 и 189.

[41]) Зборник, том VII, књ. I, стр. 389; Исто, књ. II, стр. 8, 79.

[42]) Зборник, том VII, књ. I, стр. 396; АИНИ, Скопје, арх. бр. 360; Исто, Стенографски белешки за Дебарската партиска организација, стр. 103—105.

Напоредно со овие, во одделни места во Западна Македонија, каде што заедно живеат Македонци и Албанци, се формираа и посебни албански народноослободителни комитети. Такви посебни комитети постоеја во Кичево, Гостивар, Дебар и Тетово.[43]) Овие посебни албански народноослободителни одбори одиграа улога од првостепено значење при мобилизацијата на масите на линија на народноослободителното движење за развивање на братството и единството меѓу македонскиот и албанскиот народ, во раскринкувањето на окупаторот кој ја подгрејуваше верската и шовинистичка омраза меѓу Македонците и Албанците и сл. Освен политичката функција што ја имаа, сите народноослободителни одбори како органи на народноослободителната борба одиграа значајна улога и при собирањето на материјални и парични средства за потребите на партизанските одреди и единиците на НОВ на Македонија. Подоцна, во текот на 1944 година, ќе се формираат заеднички народноослободителни одбори, во кои се застапени и Македонци и Албанци. Извесен број Албанци заземаа раководни места и во високите партиски и воени раководства, како членови на областен комитет, инструктори, команданти на оперативна зона, член на Главниот штаб на Македонија и др.

Под влијанието на постигнатите успеси на партизанските одреди во Западна Македонија во разбивањето на окупаторската власт, како и под влијанието на настаните во Италија, со паѓањето на фашизмот, квислиншката албанска власт постепено почнува да се распаѓа.[44]) Одделни личности од квислиншката албанска власт почнаа да ги напуштаат своите места и да пристапуваат кон НОД и НОВ на Македонија. Познат е примерот со командирот на милицијата во Кичево — Хамди Дема, кој со група свои луѓе (60 лица) пристапи кон НОВ на Македонија и заземе функција командант на I-ва оперативна зона и член на Главниот штаб на Македонија.[45])

Напоредно со процесот на сè поголемо определување на албанските маси за НОД, италијанскиот окупатор успеа од редовите на Албанците, главно од дотогашните пљачкашки банди, да формира тн. волонтерски вооружени формации на чело со Џемо Хасани и Мефаил Шеху, за борба против партизанските единици.[46])

Со тоа започнатата поларизација на албанските маси уште повеќе се продлабочи, за да добие набргу по капитулацијата на Италија поголеми размери.

---

[43]) Сл. Фиданова, споменатата статија во точ. 10, стр. 316.

[44]) Зборник, том VII, књ. I, стр. 189. — По извршениот напад на две карабинерски станици во близината на Гостивар, на 24 август 1943 година, четири албански карабинери преминаа на страната на Првиот народноослободителен партизански одред.

[45]) Исто, стр. 313, 325, 356, 374.

[46]) АИНИ, Скопје, арх. бр. 4954; Зборник, том VII, књ. II, стр. 21.

По капитулацијата на Италија партизанските сили во Западна Македонија успеаја да разоружаат поголем број италијански гарнизони, создавајќи прилично голема слободна територија, со градовите Кичево и Дебар. Постигнатите успеси на партизанските сили пред и по капитулацијата на Италија, го подигнаа угледот и авторитетот на НОД во очите на албанските маси. Тоа предизвика брз прилив на борци од редовите на албанските маси. Само за неколку дена на територијата на Гостиварска, Дебарска и Кичевска околија беа формирани поголем број одреди, во кои, покрај Македонци, имаше и Албанци, како и неколку посебни албански чети.[47]) Со реорганизацијата на партизанските сили, во текот на октомври 1943 година беше формиран и посебен албански баталјон.[48]) додека во Дебарскиот баталјон, покрај Македонци имаше и Албанци, како израз на братството и единството меѓу Македонците и Албанците.[49]) Кон партизанските сили во тоа време се придружија и некои бајрактари со своите вооружени чети, ставајќи се под нивна команда.[50]) Во разоружувањето на италијанскиот гарнизон во Дебар зедоа учество и бајрактарите од Мал Дебар, кои во Дебар влегоа истовремено кога и партизанските сили.[51]) Соочени со фактичката положба, поради многубројната народоослободителна војска, која претставуваше воена сила, а нешто и од страв од проширување на бугарската окупација на територијата на Западна Македонија, на располагање на Главниот штаб се стави и дотогашниот платеник на Италијанците Мефаил Шеху.[52]) Веднаш потоа тој со 500 свои вооу-

---

[47]) Исто, стр. 23—24 — Извештај на Штабот на I-та оперативна зона од 15 септември 1943 година.

[48]) Исто, стр. 85, 86, 87, 88, 91; Поповски Елисие, Создавањето на Првиот шиптарски баталјон во составот на Народноослободителната војска на Македонија, Братство, стр. 69—73.

[49]) Поради настанатата ситуација во Дебар по капитулацијата на Италија, во врска со големоалбанските националистички сили, кои ја узурпирале власта во Дебар, според упатствата на Светозар Вукмановиќ—Темпо требало да се формира еден баталјон од младинци — Албанци и Македонци од Дебар. Овој Дебарски баталјон, кој во некои документи се среќава и како младински, требало да покаже дека партизаните се единствени заштитници на македонскиот и албанскиот народ, и борци за полна рамноправност на двата народа, покрај улогата што ја вршеше како гарнизон во самиот Дебар. Дебарскиот баталјон е формиран на 5 октомври 1943 година и како таков влегол во составот на Првата ударна група баталјони, која требало да послужи како база за формирање на I-та ударна бригада. — Зборник, том VII, књ. 2, стр. 79, 91.

[50]) Еден од овие бајрактари бил и Уке Цани — од секторот Жупа, Дебарско. Подоцна се покажало дека тој, пристапувајќи кон НОВ на Македонија, немал искрени намери заедно со македонските единици да се бори против окупаторот. — Исто, стр. 23.

[51]) Исто, стр. 20—21, 31—32, 35, 56—57.

[52]) Добривое Радосављевиќ, инструктор на ЦК КПЈ во Македонија, во писмото од 12 септември 1943 година во врска со таквите случаи го издаде следното упатство: „Мефаил за сега примете го под наша команда и испратете го на граница со детални упатства. Всушност, штом му даваш задача, ти со тоа го примаш под команда . . . . Со Џемо примете, ако имаме сили, борба, а ако немаме, тогаш и преговори за да се влезе во градот (Гостивар — н. з.). — Исто, стр. 14.

жени луѓе беше испратен како граничен одбранбен баталјон на дотогашната бугарско-италијанска граница.[53]) Слична готовност тогаш изрази и Џемо Хасани, но согласност за заедничка акција со партизанските сили не беше постигната поради неговото издајство во текот на подготовките за заземање на Гостивар.[54])

Истовремено со поларизацијата во редовите на албанските маси, настапи и диференцијација кај албанските општествено-политички сили. Националистичките албански сили кои дотогаш се изјаснуваа против италијанскиот окупатор, од страв за своите класни интереси пред растечкото народноослободително движење и единиците на НОВ во Македонија и Албанија, на чие чело се наоѓаа КП на Македонија и КП на Албанија, притоа оптоварени и со големоалбански шовинизам, некои поврзани и со реакционерната псевдонационална организација „Баликомбтар" во Албанија, претставуваа сериозна опасност за НОД во Македонија и во Албанија. Нивниот реакционерен став дојде до израз уште во времето на воспоставувањето на народната власт во Дебар, околу поделбата на воениот плен со единиците на Народноослободителната војска на Македонија, околу истакнувањето на македонското знаме, околу учеството на Македонците во Народноослободителниот комитет во Дебар и сл.[55]) Под притисок на народноослободителните сили во Дебар, овие националистички сили наскоро беа приморани да го напуштат Дебар и веднаш потоа во Пишкопеа се судрија со ослободителните сили од Албанија.[56]) Наскоро по реокупацијата на Албанија и западниот дел на Македонија од страна на Германците и прогласувањето на „Независна Албанија" со квислиншката прогерманска влада, албанските националистички сили од територијата на Македонија, вклучувајќи ги и бајрактарите, се поврзаа со германскиот окупатор. На територијата на Струшка околија со германскиот окупатор веднаш се поврза Риза Дрини, како и некој Тефик од Велешта.[57]) На ист начин им пристапија и бајрактарите од околината на Дебар.[58]) Со потпир на нив, германскиот окупатор во Западна

[53]) Исто, стр. 55.

[54]) Исто, стр. 24.

[55]) Во оваа група бајрактари припаѓале главно бајрактарите од територијата меѓу Дебар и Пишкопеја (Мал Дебар на албанска територија — н. з.). Пред капитулацијата на Италија мнозинството од нив се согласиле на спогодба со партизанските одреди и единиците на НОВ на Македонија и единиците на НОВ на Албанија за борба против италијанскиот окупатор, па во таа смисла бил заклучен и овој договор. Узурпирајќи ја власта во Дебар, овие реакционерни големоалбански националистички сили се носеле со мисла на еден конгрес во Дебар да прогласат Голема Албанија, во која македонскиот народ би бил потчинет. За остварување на целта тие се поврзале со реакцијата во Албанија од „Баликомбтар", настојувале да воспостават врска со Германците, макар што истовремено биле и во врска и со претставниците на Англиската воена мисија, а сакале да ги искористат и партизанските сили. Тогаш излегле на видело и сите знаци дека бајрактарите се поврзале и со Џемо. — Исто, стр. 20—21, 30—31, 35, 56, 78—80.

[56]) Исто, стр. 184—185.

[57]) Исто, стр. 76.

[58]) Исто, стр. 35 и 163.

Македонија започна да формира балистички вооружени единици за борба против НОВ. Меѓу првите во служба на Германците, како нивни платеници, стапија дотогашните платеници на Италијанците Џемо и Мефаил. Под влијание на големоалбанската пропаганда на реакционерните националистички сили, како и од страв од балистичките тајфи дојде до проретчување на Албанците во редовите на партизанските одреди и единиците на НОВ на Македонија. Но и покрај ваквата појава, многу видни личности-Албанци и понатаму беа со НОД, што беше од крупно политичко значење за влијанието меѓу албанските маси.

По формирањето на балистичките единици, германскиот окупатор со своите вооружени сили и со тие на балистичките формации на 1 октомври 1943 година изврши напад на слободната територија во Западна Македонија.[59])

Народноослободителните сили — македонските и косовските единици, заедно со албанскиот баталјон или како што се викаше—Томин баталјон и четата на Хаџи Леш водеа двомесечни огорчени борби со балистите и Германците за одбрана на слободната територија и за враќање на загубената. Нанесувајќи им големи порази на сите сектори — народноослободителните сили успеаја да го повратат Кичево и другите загубени територии. Во изглед беше понатамошно напредување. Водејќи вооружени акции, раководството на НОД во Западна Македонија не ја испушти од предвид и политичката работа меѓу албанските маси. Така, поради вестите дека се врши голема концентрација на балистичките сили од страна на Германците за повторен напад на слободната територија, еден од раководителите-Албанци, со својата група луѓе беше испратен во Кичево со задача политички да дејствува меѓу албанските маси во Кичево и селата.[60]) Една помала група Албанци, исто така, беше испратена во Зајас политички да им ја објасни на Албанците целта на Народноослободителната борба.[61]) Оваа акција имаше значајни резултати, така што одделни групи и поединци вклучени во балистички формации беа убедени и принудени да го предадат оружјето.[62]) Ваква беше положбата сè до моментот на повлекувањето на народноослободителните единици, кои пред многу посилните непријателски сили, давајќи отпор, беа приморани да се повлечат, а во декември 1943 година главнината на партизанските сили и да ја напушти територијата во Западна Македонија. По ова во редовите на единиците на НОВ, формирани во времето на капитулацијата на Италија, дојде до поголемо оретчување на Албанците во нив.

По реокупацијата на слободната територија во Западна Македонија, балистите, под заштита на Германците, пред крајот на 1943

---

[59]) Исто, стр. 163—165, 127—128, 208—211, 228—230; Извори, том I, кн. II, стр. 402.
[60]) Исто, стр. 180—184, 190—195, 232—235, 239—243.
[61]) Исто, стр. 191.
[62]) Исто, стр. 208.

и почетокот на 1944 година го пљачкосуваа и тероризираа македонското население од тие краишта.[63]) Во отсуство на поголеми судири со партизанските сили во Западна Македонија, германскиот окупатор балистичките сили од Западна Македонија ги искористи за борба против единиците на Народноослободителната војска во Албанија.[64])

Со враќањето на Првата македонско-косовска бригада во пролетта 1944 година на територијата на Западна Македонија, германскиот окупатор повторно ќе ги употреби балистичките сили против народноослободителните единици на територијата на Западна Македонија. Пред нараснатото народноослободително движење во текот на 1944 година, германскиот окупатор ќе настојува да добие што повеќе во редовите на албанските маси. Користејќи се со сите средства, во прв ред со верската заостанатост на албанските маси, плашејќи ги со комунизмот или со враќање на старото, германскиот окупатор сепак успеа да создаде раздор и да мобилизира дел од албанските маси за своите цели, формирајќи балистички единици. Покрај тоа, на територијата на Западна Македонија под германска окупација во текот на 1944 година имаше и доброволечка војска, која беше организирана на иницијатива на Втората призренска лига, а од средината на 1944 многумина Албанци од Западна Македонија влегоа во составот на формираната СС дивизија „Скендер-бег“.[65]) Германците и балистите вршеа и насилна мобилизација на албанските маси. Во оваа акција, покрај Џемо и Мефаил, беше ангажирана и албанската реакција од Дебарска и Струшка околија, како што беа бајрактарите: Уке Цани, Али Малиќи, Мифтар Каљоши и др.[66]) Меѓутоа, балистичките единици собрани на овој начин, по првата борба со ослободителните сили набргу се распаднаа. Според еден извештај од 14 јуни 1944 година, по една таква борба во Локов, која се одигра за време на германско-балистичка офанзива на слободната територија, кога Германците и балистите беа присилени да ги напуштат своите позиции, поголем број Албанци, што се наоѓаа во редовите на балистите, избегале од нивните редови и почнале да се кријат по шумите за да не бидат повторно мобилизирани.[67]) Германскиот окупатор, за да ги спречи таквите појави, сурово се пресметуваше со нив, свртувајќи го во текот на самата борба своето оружје против нив. Таков беше случајот со една група насилно мобилизирани Албанци, која, не сакајќи залудно да изгине за интересите на Германците, се обиде да избега и да се врати по своите куќи, при што Германците убија повеќе од 30 луѓе; или случајот со друга група Албанци, кога беше убиен и еден од командантите на балистичките сили.[68]) Репресалиите што ги применуваше германскиот

---

[63]) Зборник, том VII, књ. 3, стр. 173—174.

[64]) Исто, стр. 174.

[65]) Исто, стр. 174—175; Gligor Todorovski, Okupacija Zapadne Makedonije, VIG, 1964, br. 2, стр. 36, 37 и 38.

[66]) Зборник, том VII, књ. 3, стр. 217, 218, 231.

[67]) АИНИ, Скопје, арх. бр. 3103.

[68]) Зборник, том VII, књ. 3, стр. 217, 218.

окупатор врз македонското население, поради постојаните загуби што му ги нанесуваа ослободителните сили, не ги одминаа ни албанските села. При една таква акција Германците го запалија селото Радолиште — Струшка околија и во него убија 100 Албанци, меѓу кои имаше доста жени и деца.[69])

Раководството на НОВ на Македонија, кое дејствуваше на тој терен, за да укаже на смислата на политиката на германскиот окупатор и на балистичките водачи, за да ја спречи братоубиствената војна, упати повеќе прогласи до албанскиот народ на територијата на Западна Македонија. Штабот на Првата македонско-косовска бригада, во својот проглас од јуни 1944 година,[70]) откривајќи ги пред албанскиот народ вистинските намери на германскиот окупатор, во врска со тоа пишуваше:

„Овие слуги го искористија доаѓањето на нашата бригада за да се обидат уште еднаш да ве измамат и нашето доаѓање да го претстават како да дошла таква војска која сака да го врати старото, па на тој начин повторно да ве мобилизираат за вооружена борба против нас. Повеќе од кога и да е вие можете да се уверите дека нашите пушки пукаат на Германците, на оние што ве поробуваат вас и вашите браќа во Албанија, Македонците и другите народи на Југославија, дека пукаат на германските платеници — балистите, кои ја срамотат честа на албанскиот народ, на оние што ги убиваат вашите браќа во Албанија, што ги палат и пљачкаат нивните куќи, на истите оние што го прават тоа и со мирното македонско население. Против вас, против албанскиот народ, нашата бригада, целата наша војска, нема ништо. Таа се бори за слобода на сите народи, што значи и за ваша слобода. Во слободна Македонија, во слободна и федеративна Југославија — која во сѐ се разликува од стара Југославија и вие ќе добиете слобода, подобар и посреќен живот".

А, веднаш потоа ги повикуваше во борба против окупаторот и неговите слуги заедно со народноослободителните сили да се борат против заедничкиот непријател — германскиот фашизам, против В. Михаиловите, Џемовите и други банди, „против оние кои досега ви нанесоа толку срам, кои се непријатели на вашите браќа во Албанија".

И во прогласот на Првата македонска ударна бригада, упатен до албанскиот народ од истата територија се укажува на намерите на окупаторот, „дека тие сакаат несвесните Албанци да ги употребат како пушчено и топовско месо против своите албански и македонски браќа" и дека „немилосрдно го ликвидираат секој Албанец кој не сака да ги извршува нивните наредби", истовремено повикувајќи ги „дека не е

---

[69]) Зборник, том VII, књ. 4, стр. 240—241. — Извештај на Штабот на II-от корпус на НОВ на Македонија.

[70]) Зборник, том VII, књ. 3, стр. 203.

доцна да си подадеме рака и братски да удриме на оние што сакаат да нè скараат. Да удриме по германските окупатори и нивните слуги — предавниците на албанскиот и македонскиот народ".[71])

Со цел да се постигне поголем политички ефект меѓу албанските маси, во летото 1944 година Главниот штаб на НОВ и ПО во Македонија стапи во контакт со Главниот штаб на НОВ на Албанија, со кој се договори Главниот штаб на Албанија да испрати две бригади во Западна Македонија, кои заедно со македонските единици би дејствувале за разбивање на албанската реакција во Западна Македонија и нивната изолација од Германците, за да се создадат сите услови за формирање на слободна зона во Западна Македонија.[72]) Макар што во текот на вооружената борба против заедничкиот непријател повремено доаѓало до контакт помеѓу единиците на НОВ на Македонија и единиците на НОВ на Албанија, случај на секторот кај Струга,[73]) а раководството на НОВ на Македонија постојано беше во исчекување на единиците на НОВ од Албанија, тие, поради зафатеноста со вооружени борби против реакцијата и окупаторот на својата територија не успеаја да се префрлат на територијата на Западна Македонија сè до нејзиното конечно ослободување.[74]) До заедничка акција на единиците на НОВ на Македонија и единиците на НОВ на Албанија единствено дојде при еден од нападите на Дебар во почетокот на септември 1944 година.[75])

Во меѓувреме многу албански села, под влијание на успесите на ослободителните сили постигнати во борбата против Германците и балистите, самите на своја иницијатива почнаа да ја помагаат Народноослободителната војска.[76]) Сепак балистичките банди пред крајот на 1944 година на некои сектори во Кумановска и Скопска околија и во дел од Западна Македонија, помогнати од Германците и реакционерните албански сили, од членовите на II-та призренска лига, чиј центар

[71]) Исто, стр. 217—219. — Проглас на Македонската ударна бригада од јуни 1944 година „Свим поштеним Албанцима и Албанкама".

[72]) Исто, стр. 164—165. — Извештај на Мита Миљковиќ; Исто, стр. 190. — Извештај на Цветко Узуновски од 24 мај 1944 година.

[73]) Зборник, том VII, књ. 4, стр. 205; Саве Костоски, Една заедничка акција со албанските партизани, Млад војник, весник на I-та македонска народноослободителна ударна бригада, 1944 година, год. I, бр. 5.

[74]) Од извештајот на Штабот на XV корпус од 10 ноември 1944 година и извештајот на Штабот на 48 дивизија од 13 ноември 1944 година се гледа дека на единиците на НОВ во Западна Македонија им била ставена на располагање една дивизија на НОВ од Албанија, која заедно со нив требало да учествува во заедничките операции на тој терен во чистењето од албански банди. Но, и покрај тоа што при изведувањето на операциите на НОВ на Македонија во тој правец се сметало на нејзиното учество, посебно при нападот на Кичево и Гостивар, таа не успеала да премине на територијата на Западна Македонија. — Исто, стр. 299, 314.

[75]) Од телеграмата на Видоја Смилевски од 4 септември 1944 година се гледа дека албанските партизани влегле во Дебар во почетокот на септември 1944 година заедно со албанскиот партизански одред од територијата на Западна Македонија, кој бил формиран при крајот на август 1944 година на планината Стогово — Дебарско. — Исто, стр. 63.

[76]) АИНИ, Скопје, арх. бр. 3103.

за Западна Македонија се наоѓаше во Тетово и во Гостивар, претставуваа најголема реакција[77]). Тие не само што се сновеа и пљачкаа по македонските села, туку постојано ги напаѓаа единиците на НОВ, ги ангажираа во тие борби, овозможувајќи му на тој начин на германскиот окупатор поуспешно повлекување.[78]) Поради таквата ситуација Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија на 6 октомври 1944 година издаде наредба до Штабот на Првата оперативна зона за ,,чистење на албанските банди на просторот Скопје—Тетово—Качаник—Скопска Црна Гора, со цел да се дојде до комуникациите со кои се користат Германците и да им се олесни дејствувањето на единиците од IV-та оперативна зона на просторот Кичево и Полог".[79]) Донесувајќи ја оваа наредба, Главниот штаб даде објаснување дека бил приморан тоа да го стори затоа што сите дотогашни напори на народноослободителните сили да ги убедат наметнатите платени водачи на Албанците во Македонија да прекинат со вооружената борба и да престанат да ја пролеваат крвта на својот народ за интересите на германските фашисти, се покажале бесплодни.[80]) И покрај тоа, единиците на НОВ во времето на спроведувањето на наредбата настојувале да се изврши диференцијација во редовите на албанските маси, одделувајќи ги компромитираните балистички водачи од другите Албанци. Така Штабот на Кумановската дивизија им издаде наредба на своите единици да настојуваат да воспостават контакт со чесните Албанци, да постигнат со нив соработка, да ги вклучат во НОВ или да се договорат за меѓусебно ненапаѓање[81]). Постигнатите договори на таа основа дадоа резултати во Скопска околија, иако имаше случаи на прекршување на тие договори.[82]) Бидејќи тоа не можеше да се постигне на сите сектори, а во интерес на конечното ослободување на Македонија, Главниот штаб на 10 ноември 1944 година му издаде наредба на XV корпус, во чиј состав се бореше и IV-та албанска бригада што се формира 1944 година, да го исчисти од балистичките банди реонот на Кичево, Гостивар и Тетово, со тоа да воспостави во нив народноослободителна воено-задининска власт.[83]) Извршувајќи го планот на Главниот штаб, единиците на НОВ на Македонија успеаја да ги совладаат и тие последни упоришта на албанската реакција. Албанските маси, за време на ослободувањето на Македонија, вклучувајќи се во редовите на НОВ, учествуваа во конечното ослободување на земјата од окупаторот. Формираната народна власт на ослободената територија на Македонија ѝ даде можност на албанската народност да дојде до полн израз, преку претставници во сите органи на народната власт, од локалните до највисоките претставнички тела.

---

77) Зборник, том VII, књ. 4, стр. 156, 158—159, 273.

78) Исто, стр. 132—134, 135, 155.

79) Исто, стр. 133.

80) Исто.

81) Исто, стр. 258.

82) Исто, стр. 188.

83) Исто, стр. 301 и 302.

*Славка ФИДАНОВА*

# АЛБАНСКАЯ НАРОДНОСТЬ В МАКЕДОНИИ ВО ВРЕМЯ НАРОДНО-ОСВОБОДИТЕЛЬНОЙ ВОЙНЫ И НАРОДНОЙ РЕВОЛЮЦИИ

## Резюме

Албанская народность в Македонии в период между двумя Мировыми войнами, как и македонский народ, была подвержена национальному угнетению и лишена всяких прав, что вызывало в её среде большое недовольство. Это обстоятельство использовали албанские националистические силы, проникнутые духом сепаратизма, которые вступая в связь с империалистическими странами, развивали деятельност, направленную против единства Югославии.

После оккупации Македонии и её раздела между итальянским и болгарским захватчиками, албанская народность оказалась под двумя оккупантами. Албанское население на территории Македонии, оказавшееся под болгарской оккупацией, преследовалось как „неблагонадёжное" в отличие от населения той части Македонии, которая оказалась под итальянской оккупацией и почувствовала себя после провозглашения „Великой Албании' привилегированной, что в свою очередь оказывало влияние на значительную его часть, создавая в этом населении иллюзии национального освобождения. Поэтому и отношение населения двух частей Македонии к НОД различно. В то время как присоединие к НОД албанских народных масс в Македонии под болгарской оккупацией шло быстрее и непрерывно, албанские народные массы в Западной Македонии включались в него медленнее, вследствие чего руководство освободительного движения направило свою политическую деятельность на албанские шарокие массы, с тем чтобы познакомить их с платформой Народно-освободительной борьбы. Для достижения большего политического успеха в привлечении албанского населения к НОД и НОВ предвиделось формирование особых албанских отрядов и особых албанских НОК как и сотрудничество с албанскими партизанскими отрядами из Албании на территории Западной Македонии, велись даже переговоры и с албанскими националистическими силами — байрактарами (знаменосцами) о совместной борьбе против оккупанта.

Благодаря предпринятым мерам, в 1942 году чувствуются первые более крупные результаты, а в 1943 году формируется и албанский партизанский отряд, бойцы которого позднее вошли в состав Кичевского и Мавровского партизанских отрядов, а албанцы-бойцы были и в Западной Македонии и в п. отрядах: „Дримкол" и „Славей". Более массовое вступление в ряды партизанских отрядов и подразделений НОВ почувствовалось после капитуляции Италии, когда формируется и специальный албанский батальон и другие меньшие албанские партизанские отряды.

С вторичной оккупацией западной части Македонии немецким оккупантом и с установлением им связи с националистическими баллистскими силами, оккупантам удалось найти приверженцев и сформировать баллистское вооружённые части для борьбы против НОВ.

Запугивания оккупантов и отступление основных партизанских сил привело к сокращению рядов албанских партизанских отрядов и частей НОД. С появлением больших партизанских сил на этой территории в 1944 году они снова войдут в эти ряды и тогда происходит большая поляризация в рядах албанских масс. В 1944 году формируется четвёртая албанская бригада, которая вместе с македонскими частями вела борьбу за освобождение Западной части Македонии, а затем албанское население включилось в борьбу за окончательное освобождение Югославии.